Архивски број: 08-28/3
09-02-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-654/1 од 12.12.2022 година поднесена од [redacted] од Куманово, против Министерство за внатрешни работи на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.1.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-654/1 од 12.12.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи.

Во претставката подносителот бара од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да поведе постапка против Министерство за внатрешни работи, во врска со Решение бр. 22.6-109076/1 од 3.11.2022 година за прераспоредување на друго работно место.

Имено, подносителот [redacted] бил вработен на работно место Главен инспектор, категорија Д, ниво Д1, во Единица за финансиски криминал, Сектор за криминалистички истраги, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Централни полициски служби, Биро за јавна безбедност при Министерство за внатрешни работи. Со горенаведеното решение, истиот бил прераспореден на работно место Главен инспектор за потраги, категорија Ѓ, ниво Ѓ1, во Одделение за криминалистички работи Кисела вода, Единица за внатрешни работи Кисела Вода, Сектор за внатрешни работи Скопје. На претходното работно место, на подносителот му биле утврдени **780 бодови**, додаток на плата 0,5% од износ на средства за плата и тоа за секоја започната година пензиски стаж, како и зголемен износ на средства наменети за плата за 30% поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, односно тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат. На новото работно место, пак, му биле утврдени **720 бодови и додаток 20 бодови**, додаток на плата по основ на работно искуство од 0,5% од износ на средства за плата и тоа за секоја започната година пензиски стаж, како и зголемен износ на средства наменети за плата за 30% поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, односно тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Подносителот понатаму вели дека со решението за прераспоредување, за кое нема образложение, му се намалила основната плата за 60 бодови со тоа што бил прераспореден на едно ниво пониско од дотогашното, односно од категорија Д во категорија Ѓ. Со ова, подносителот смета дека е прекршен членот 107 став 1 алинеја 3 од Законот за внатрешни работи, согласно кој работното место на кое се прераспоредува работникот треба да е идентично по вид во рамки на исто ниво согласно Класификацијата на работните места. Тој се повикува и на повреда на член 107, член 111 и член 113 од Законот за полиција, како и на извршена дискриминација согласно член 6 од Законот за работни односи и член 6 и член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Понатаму подносителот наведува дека првата дискриминација се случила во 2018 година и тоа кога со Решение бр. 22.6-91896/1 од 14.11.2018 година донесено од страна на МВР бил распореден на работно место Главен инспектор категорија Ѓ, ниво Ѓ1 во Одделение за имотни деликти и малолетничка деликвенција Гази Баба со утврдени 720 бодови и додаток 20 бодови, додаток на плата по основ на работно искуство од 0,5% од износ на средства за плата и тоа за секоја започната година пензиски стаж, како и зголемен износ на средства наменети за плата за 30% поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, односно тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат. Ова следело на претходно донесено Решение бр. 22.6-52965/1 од 29.8.2016 година, со кое бил распореден на работно место Главен инспектор, категорија Д, ниво Д1 со утврдени 780 бодови, додаток на плата по основ на работно искуство од 0,5% од износ на средства за плата и тоа за секоја започната година пензиски стаж, како и зголемен износ на средства наменети за плата за 30% поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, односно тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат.

За ваквите наводи, [redacted] наведува дека се потврдени со пресуда на Основен граѓански суд Скопје VI РО бр. 2188/20 од 1.3.2021 година, која пресуда пак е потврдена со пресуда на Апелационен суд Скопје РОЖ бр. 920/21 од 2.9.2021 година. Исто така, решението било поништено од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Пресудите беа доставени во прилог на претставката како докази.

Подносителот се изјаснува дека оваа дискриминација била исправена од страна на судот со што МВР било задолжено и донело Решение бр. 22.6-95569/1 од 18.10.2021 година со кое бил вратен на претходното работно место како Главен инспектор, категорија Д, ниво Д1 во Единица за финансиски криминал. По сето ова, тој вели дека повторно следела дискриминација каде со Решението бр. 22.6-109076/1 од 3.11.2022 година, повторно бил распореден на работно место Главен инспектор, категорија Ѓ, ниво Ѓ1, односно едно ниво пониско.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 16.12.2022 година испрати Известување бр. 08-654/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи на РСМ.

На ден 5.1.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Министерството за внатрешни работи како одговор на претставката.

Во одговорот, од Министерството велат дека со донесеното решение за распоредување бр. 22.6-109076/1 од 3.11.2022 година не била извршена дискриминација по ниту еден од основите наведени во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така се вели дека решението е донесено во согласност со Законот за внатрешни работи и со неговото донесување не е прекршен ниту еден законски или подзаконски пропис, односно не било постапено дискриминаторски. Дополнително, од Министерството велат дека [redacted] незадоволен од решението, имал право и истиот веќе го искористил тоа право, да поднесе приговор против решението, а доколку не е задоволен од второстепената одлука, има право на судска заштита пред надлежен суд.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, како и произнесувањето по истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршено вознемирување од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ врз подносителот [redacted] односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на вознемирување содржана во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика*".

Имено, со повеќекратното неосновано распоредување на подносителот [redacted], од едно на друго работно место, се создала непријателска средина и пристап со кои му се отежнало секојдневното работење како инспектор во Министерството за внатрешни работи. Конкретно, преместувањето најпрво од Единица за финансиски криминал во Одделение за имотни деликти и малолетничка деликвенција, а по враќањето во Единицата за финансиски криминал, повторно распоредување оттаму во Одделение за криминалистички работи, подразбирало работа во различни области во кои тој претходно немал искуство.
Односно, со оглед на тоа што неговото образование и работно искуство се стекнати во областа на финансиите, [redacted] бил ставен во позиција да извршува работни задачи кои не биле соодветни на таквите квалификации. Во прилог на ова оди и фактот што тој, со самото распоредување, бил преместен едно ниво подолу - односно од категорија Д во категорија Ѓ. Ова било несоодветно на одредбите од Законот за внатрешни работи, поконкретно член 107 став 3 алинеја 3 од Законот, кој пропишува дека работното место на кое се распоредува работникот треба да е идентично по вид во рамки на исто ниво согласно Класификацијата на работните места. Дополнително, ова произвело и финансиски импликации врз Тони Јакимовски - преку намалување на вкупните бодови, му се намалила и месечната нето плата.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи, **во рок од 30 дена**, да донесе решение со кое [redacted] ќе биде распореден на првобитното работно место како Главен инспектор, категорија Д, ниво Д1 во Единица за финансиски криминал.

Откако Министерството за внатрешни работи ќе го исполни препорачаното да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за истото.

Доколку Министерството за внатрешни работи не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
9.2.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на РСМ, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје